# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕВИДЕНЦИИТЕ ВО ОБЛАСТА НА ТРУДОТ

**Службен весник на РМ, бр. 102 од 18.08.2008 година**

**Член 1**

Во Законот за евиденциите во областа на трудот (“Службен весник на Република Македонија“ број 16/2004), во членот 15 по зборот „образец“ се додаваат зборовите: „и начин“.

**Член 2**

Членот 17 се менува и гласи:

„Пријавата за засновање на работен однос и осигурување ги содржи особено следниве податоци:

1) назив на работодавачот;
2) единствен матичен број на работодавачот и реден број на деловната единица;
3) ден, месец и година на засновање на работниот однос;
4) начин на засновање на работниот однос на работникот:
- со огласување на јавен оглас во дневниот печат од страна на работодавачот,
- со посредување на Агенцијата,
- со објавување во Агенцијата или
- со посредување на агенција за посредување при вработување;
5) засновање на работен однос на:
- неопределно време или
- определено време.“

**Член 3**

Насловот на Главата IV "КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ " се менува и гласи: “ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ " .

**Член 4**

Во членот 56 став 1 зборовите: "Со парична казна од 25.000 до 250.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на:".

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

“Глоба во износ од 1.000 до 5.000 евра во денарска противвредност за прекршокот од ставот 1 на овој член ќе му се изрече на директорот, односно друго одговорно лице кај работодавачот.“

**Член 5**

Во членот 57 ставот 1 се менува и гласи:

“Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе се изрече на самото место за прекршокот на работодавач, ако:“.

Ставот 2 се менува и гласи:

“Глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на самото место за прекршокот од ставот 1 точките 1, 2, 3, 4 и 5 на овој член на директорот, односно друго одговорно лице кај работодавачот.“

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

“Покана за плаќање на глобата од ставовите 1 и 2 на овој член на сторителот на прекршокот ќе му врачи инспекторот на трудот на местото на прекршокот.“

**Член 6**

По членот 57 се додава нов член 57-а, кој гласи:

"Член 57-а

Ако инспекторот на трудот утврди дека е сторен прекршок од членовите 56 и 57 на овој закон, е должен на сторителот на прекршокот да му предложи постапка за порамнување, согласно со Законот за прекршоците.

За прекршоците од членовите 56 и 57 на овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд."

**Член 7**

Во членот 58 ставот 1 се менува и гласи:

"Глоба во износ од 200 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот на поединец кој:".

Ставот 2 се менува и гласи:

"Глоба во износ од 200 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член на работникот определен за водење на евиденција кој во евиденцијата ќе запише неточни податоци (член 52 став 4)."

**Член 8**

Во целиот текст на Законот зборот "работодавец" во кој било род и број се заменува со зборот "работодавач".

**Член 9**

Во целиот текст на Законот зборот „Завод" се заменува со зборот „Агенција".

**Член 10**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".